**20222854297**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на член 34 став (9) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/22), министерот за економија донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНА ОЦЕНА (РЕВИЗИЈА) НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на работа на Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошка документација.

Член 2

Комисијата за вршење на стручна оцена (ревизија) на геолошката документација (во натамошниот текст: Комисијата) работи на подготвителна седница и седници, во полн состав од претседател, најмалку двајца членови и секретар, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Комисијата.

Член 3

Доколку на подготвителната седница на Комисијата се утврди дека барањето за вршење на стручна оцена (ревизија) не е во согласност со членовите 4, 5 и 6 од Правилникот за начинот на вршење на стручната оцена (ревизија) на геолошката документација, Комисијата во рок од седум дена доставува известување до барателот во кое определува рок во кој барателот ќе треба да изврши дополнување на барањето кој не може да биде подолг од 10 дена од денот на приемот на известувањето.

Доколку и по рокот утврден во ставот 1 на овој член, барателот не ја достави потребната документација, барањето се одбива од страна на Комисијата со решение.

Член 4

Пред одржувањето на седницата на Комисијата, претседателот и членовите на Комисијата изработуваат писмен извештај во однос на стручната оцена (ревизија) на геолошката документација.

На седницата на Комисијата присуствуваат претседателот, членовите и секретарот на Комисијата, како и барателот и изготвувачот на геолошката документација.

На седницата на Комисијата од страна на претседателот и членовите на Комисијата, како и барателот и изготвувачот на геолошката документација се разгледува писмениот извештај од ставот 1 на овој член.

Член 5

За текот на седницата на Комисијата се составува записник, во кој особено се наведува:

- датум и место на одржување на седницата на Комисијата;
- име и презиме на претседателот и членовите на Комисијата, како и на претставникот на барателот и на изготвувачот на геолошката документација;
- краток опис на текот на седницата на Комисијата и

- ревизиска клаузула и ревизиски извештај на Комисијата.

Записникот од ставот 1 на овој член го потпишуваат претседателот и членовите на Комисијата, како и претставникот на барателот и изготвувачот на геолошката документација.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 24-5414/1
9 декември 2022 година
Скопје

Министер за економија,
**Kreshnik Bekteshi**, с.р.